Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 13 08 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 - | 863/3 | | |


03- 53/6
22 07 21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 15 седница одржана на 07.04.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Казнено право ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската „Казнено право", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на правни науки бласт Казнено право /во меѓународен промет академски назив: Doctor of law in Criminal Law.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5-Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 508 - Правни науки.
Научно – истражувачка област: 50804- Казнено право.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф.д-р Никола Тупанчевски, про. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Гордана Лажетиќ, про. Д-р Александра Груевска-Дракулевски, проф. д-р Александра Деаноска-Трендафилова, проф. д-р Дивна Илиќ Димовски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02-134/35 од 29.01.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Казнено право", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 59/1 од 17.02.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 59/3 од 28.04.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 15-та седница одржана на 07.04.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски